## ЈАВЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ДВА (2) ЕКСПЕРТИ/КИ

### 1. За Сојуз – Национален совет за родова рамноправност

Сојуз – Национален совет за родова рамноправност (НСРР) е национална мрежа на локални женски организации посветена на родова рамноправност, заштита на женските и човековите права, развој и градење мир. НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација врз жените и да придонесува кон изградба на општество со еднакви можности за сите.

### 2. За проектот

Ангажманот е во рамките на проектот „Моја иднина, мој избор: Зајакнати жени и девојки за транспарентни и инклузивни локални избори“, одобрен под договор бр. 08-47/1-2025. Проектот е субгрант финансиран од Европската Унија во рамки на проектот „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2“.

Се предвидува имплементација на еднодневна регионална обука за 20–30 жени од општини надвор од Скопје. Целта е продлабочување на постигнатите резултати и поттикнување на поактивно учество на жените во локалните процеси на одлучување. Обуката ќе се одржи во Скопје.

### 3. Опис на работни задачи

- Избраните експерти/ки ќе бидат одговорни за:
  Подготовка на методологија и програма за еднодневната регионална обука.
- Спроведување на обуката за група од 20–30 учеснички од повеќе општини.
- Фокус на темите: родова рамноправност, инклузивни локални избори и зајакнување на капацитетите на жените и девојките.
- Подготовка на краток извештај по завршување на активноста.

„Моја иднина, мој избор: Зајакнати жени и девојки за транспарентни и инклузивни локални избори“е проект спроведуван од Сојуз-Национален совет за родова рамноправност. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2” финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.

**4. Квалификации и барања кои треба да ги задоволи експертот/ката**

- Високо образование во областа на општествените науки, родови студии, право или сродни области.
- Докажано искуство од најмалку 10 години во спроведување обуки за родова рамноправност и градење капацитети.
- Претходно искуство во работа со жени и девојки од општини надвор од Скопје. Одлични комуникациски и презентациски вештини.

**5. Временска рамка**

Активностите треба да се реализираат во рамките на продолжениот период на проектот, кој трае до 30.04.2026 година.

**6. Начин на аплицирање**

Пријавите треба да се достават најдоцна до **23.04.2026 година** на е-пошта: **teazografska@gmail.com**

Заинтересираните кандидати треба да достават:

- Кратка биографија (CV)
- Финансиска понуда за ангажманот

„Моја иднина, мој избор: Зајакнати жени и девојки за транспарентни и инклузивни локални избори“е проект спроведуван од Сојуз-Национален совет за родова рамноправност. Овој проект е субгрант добиен во рамки на „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар – фаза 2” финансиран од Европската Унија. Содржината на документот е единствена одговорност на спроведувачот на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија и на Граѓанскиот ресурсен центар.